Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
INSTITUCIONI NACIONAL
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS
Бр. / Nr. 02-430/2
15.05. 2025 год./viti
Скопје / Shkup

Врз основа на член 76-а, 76-б, член 77-а став (1) и став (2), член 77-б, 77-в, 77-г и член 77-д од Законот за култура, а во врска со Одлуката за објавување на јавен оглас за вработување на неопределено време бр.02-430/1 од 15.05.2025 година, Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување на даватели на јавни услуги во Националната установа Македонски народен театар Скопје бр.04-150 од 22.02.2021 година и Согласноста од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства бр.19-3164/2 од 12.05.2025 година, на ден 15.05.2025 година се објавува:

ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ БР.02-430/2

I.Националната установа Македонски народен театар Скопје има потреба од вработување на 1 (едно) лице за следното работно место со реден број:

1.Актер четврта група – едно (1) лице со шифра на работно место КУЛ 03 04 А06 001, категорија А – уметници, ниво А6 на **неопределено време**, со полно работно време, (40 работни часа неделно од 10-14ч. и 17-21ч.) согласно месечниот план за проби и претстави. Месечната нето плата без минат труд ќе изнесува 53.861,00 денари

II.Кандидатот за работното место **Актер четврта група** треба да ги исполнува општите услови:

- Да е полнолетен,
- Да има општа здравствена способност за работното место и
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Покрај општите услови за пополнување на работното место **актер четврта група**, кандидатот треба да ги исполни и следните посебни услови како:

- Вид на образование: високо образование или најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, драмски уметности, отсек актер или средно уметничко образование;
- Работно искуство: без работно искуство или до 1 (една) година;

III.Пријавата за вработување особено содржи:

- Податоци за кандидатот (име и презиме, матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон), како и кратко мотивационо писмо;

- Кратка биографија;

- Изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;

- Изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;

Кандидатите кон пријавата треба да приложат и:

- Уверение за државјанство
- Диплома за завршено образование
- Доказ за работно искуство во струката (доколку е потребно)
- Потврда дека не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постара од 6 месеци)
- Лекарско уверение за општа здравствена состојба на кандидатот (не постаро од 6 месеци)
- Други документи наведени во точка III од овој Оглас

Јавниот оглас трае 15 (петнаесет) дена од денот на објавување во дневниот печат. Постапката за селекција за вработувањето се состои од административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и аудиција.

Сите документи треба да бидат доставени во оригинал или преписи заверени на нотар.

Пријавата за јавниот оглас може да се подигне од архивата на НУ Македонски народен театар Скопје или да се симне од интернет страната www.mnt.mk

Кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојноста на докази имаат право да продолжат на аудиција и ќе бидат контактирани за местото, времето, начинот и датумот на одржување на аудицијата.

Пријавите со потребните документи да се достават до архивата на НУ Македонски народен театар Скопје секој работен ден од 10 до 14 часот или на адреса: НУ Македонски народен театар Скопје, ул.„11 Март“ бр.3, 1000 Скопје. Некомплетно или ненавремено поднесени документи нема да се разгледуваат.

Директор
Никола Кимовски